РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 03-4713/1
21 07 2015 год.
СКОПЈЕ

СКОПЈЕ V

| Примено: | 21-07-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог | Вредност |
| | | | |

Прилог

**Годишен извештај за работа на координаторот и заменик координаторот за еднакви можности за жените и мажите во органите на државната управа**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Шќипе Тахири |
| **Период на известување** | 2014 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 16.07.2015 година (Извештајот е доставен и на 25 март 2015, но не е пополнет во овој образец). |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум,** 20.07.2015

**Име и презиме: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

______________________

**Име и презиме** (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)

**Потпис**

## 2. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**
- **А) Позитивни**
- **Б) Охрабрувачки**
- **В) Програмски**

**2.2. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**
**- Со анализите на застапеноста на родовите теми и на прикажувањето на жените и мажите во телевизиските програми, се врши увид во присутноста на стереотипите, јазикот кој се користи, сексизмот и сл. Анализите од 2014 година не покажуваат напредок во однос на претходните години**

(2012 и 2013).
- Анализата на структурата вработените во радиодифузната индустрија во 2013 година (која се изработи во 2014, година за да се добијат податоци за целата 2013 година) исто така не покажува позначајни поместувања во однос на претходната година.

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**
Ваквиот тип на индикатори (количина на стоки или услуги, опфатени жени и мажи) е неприменлив за анализи што ги изработуваме. Во 2015 година ги редизајнираме комуникациските истражувањата консултирајќи ги Родово-чувствителните показатели за медиумите (Gender – Sensitive Indicators for the Media) на УНЕСКО. Што се однесува до анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија, таа обезбедува родово разделени статистички показатели.

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**
Нема напредок.
Анализите за третманот на родовите теми и претставувањето на жените и мажите, во текот на 2014 година се доставени до МТСП, до Собранието на РМ и достапни се на http://www.avmu.mk/images/Rodot_vo_televiziskite_programi_-_Finalen_izveshtaj.pdf
Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија за 2013 година, во 2014година е доставена до МТСП и до Заводот за статистика на РМ и достапна е на http://www.avmu.mk/images/Analiza_na_strukturata_na_vrabotenite_vo_radiodifuznata_dejnost_vo_2013_godina.pdf

## 3. ПРЕЗЕМЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:**
Во Буџетот се предвидени соодветни средства за јавна набавка за реализација на истражувањата за третманот на родовите прашања и прикажувањето на жените и мажите во ТВ програмите.
Дел од средствата предвидени за одржување обуки се користат и за промовирање на резултатите од истражувањата. Во 2014 тоа беше на работилницата Критичко разбра на медиумите – род, млади, медиумска писменост, Скопје 23.12.2014 година (http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1090%3Arodot&catid=132%3A2013-11-05-21-48-32&lang=mk)
Во Агенцијата постои координатор за воспоставување еднакви можности, кој (заедно со другите вработени) ги извршува своите со закон утврдени активности и задачи.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**
/

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)** /

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**
/

## 4. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми и мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| **4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?** |
| **4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**<br>**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**<br>**<u>Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до Заводот за статистика на РМ редовно доставува месечни анкетни листови со родово разделени податоци за вработените во Агенцијата</u>**<br>*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**<br>**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>**<u>Видете одговор под 2.3</u>**<br>*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.** |

## 5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:

| |
|---|
| **5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за родова еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**<br>- **Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите и Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање се целосно спроведени и објавени на посебниот дел од веб страницата на Агенцијата како Родот во телевизиските програми: Извештан од истражувањата на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2014 година изработени за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. (достапно на http://www.avmu.mk/images/Rodot_vo_televiziskite_programi_-_Finalen_izveshtaj.pdf)**<br><br>- **Планираната дебата за стереотипите и предрасудите во медиумите беше реализирана во рамките на дебатата „Критичко разбирање на медиумите – род, млади, медиумска писменост" (Скопје , 23.12.2014 година).** |
| **5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**<br>Не. |
| **5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано? Дали тие во обуките се јавиле како:**<br><br>**а) <u>слушатели</u>**<br>**б) обучувачи** |
| **5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн.) имаат посетено:**<br>**а) <u>координатор за еднакви можности</u>**<br>**б) заменик координатор за еднакви можности**<br><br>**1. Родово сензитивно буџетирање – 27-28.05.2009 г., Скопје**<br>**2. Жените во процесот на одлучување – 5-7.10.2009 г. , Кочани**<br>**3. Периодични извештаи до CEDAW – 15-17.09.2010 г., Берово** |
| **5.5. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашиот ОДУ, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br><br>**Ве молиме опишете :** Не. |
| **5.6. Колку и кои иницијативи (предлог закони, предлог стратегии, предлог информации до влада, предлог акциски планови, предлог буџети, предлог стратешки планови) координаторот и заменикот координатор за еднаквите можности на жените и мажите имаат доставено до ОДУ?**<br>/ |
| **5.6. Колку од тие иницијативи биле успешни?** / |

## *6.* ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

| |
|---|
| **6.1.Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале.**<br>**Најголемиот предизвик е незаинтересираноста на медиумите да ги посетуваат настаните/работилниците/обуките и сл. За да го надминеме овој предизвик, во процесот на организација на настаните контактираме со медиумите повеќепати и бараме од нив да назначат лице кое ќе присуствува на настанот и, тогаш кога тоа е можно и применливо, комбинираме повеќе теми за еден настан.** |
| **6.2.Споделете пример за добра или лоша пракса** |
| **6.3. Наведете примери за научени лекции** |

## 7. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

**7.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

**Во 2015 година ќе се реализираат:**

**- Анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите;**

**- Анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање:**

**- Анализата на структурата вработените во радиодифузната индустрија во 2014 година;**

**- Спроведување на кампањата за подигнување на свеста за сексистички содржини во медиумите од 2014 е префрлено за 2015 година, за што е известено и МТСП. Префрлувањето е резултат, од една страна на фактот што родовите прашања влегуваат во поширoката област на медиумската писменост, и Агенцијата во 2015 година подготвува посебна програма за поттикнување на медиумската писменост, а од друга страна на преобемните активности што ги имаше АВМУ во 2014 година поврзани со донесувањето на подзаконските акти кои произлегоа од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

## 8. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

[illegible]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
бр. 03-4-169/1
23.06.2015 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија
Државен завод за статистика

**Образец ТРУД.1**

Член 26 од Законот за државната статистика ("Службен весник на РМ" бр. 54/97 и 21/07, 51/11 и 104/13) и Програмата за статистички истражувања 2013-2017, ("Службен весник на РМ" бр. 20/13)

## МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ

за месец мај 2015 година

*Податоците што се прибираат со овој образец претставуваат индивидуални податоци, заштитени со Законот за државната статистика и ќе се користат исклучиво за статистички цели*

Месечен извештај за вработени и плати доставуваат сите деловни субјекти од приватна и друга сопственост на територијата на Република Македонија. Извештај доставуваат и деловните субјекти во основање, како и деловните субјекти во ликвидација и стечај.

Извештајот се составува по организационо-територијален принцип, на ниво на општина. Доколку деловните субјекти имаат единици во состав надвор од општината на своето седиште, во извештајот не прикажуваат податоци за овие единици бидејќи тие се должни самостојно да доставуваат извештај на статистичкиот орган на територијата каде што се наоѓаат. Доколку ваквата единица не располага со потребните податоци, деловниот субјект во чиј состав се наоѓа е должен да ги обезбеди сите податоци потребни за доставување на овој извештај.

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА КОЈА СЕ ПОПОЛНУВА ИЗВЕШТАЈОТ (ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ)**

Деловен субјект - назив: Агенција за аудио и аудиовизуелни мед. усл.
(единицата во состав (локалната единица) го впишува својот назив и полниот назив на субјектот во чиј состав е)

Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС): 5171449

Реден број на единицата во состав (локална единица):

Општина: Центар

Населено место: Скопје

Улица: бул. Гоце Делчев куќен број: 3

Телефон: 3103-400

Е-пошта: contact@avmu.mk

Дејност според НКД Рев. 2: 8413

**1. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КАДРОВСКАТА ЕВИДЕНЦИЈА**

| | Број на вработени на крајот од претходниот месец | Лица кои во текот на извештајниот месец засновале работен однос | | | Лица на кои во текот на извештајниот месец им престанал работниот однос | | | Број на вработени на крајот на извештајниот месец |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вработени преземени од други деловни субјекти | нововработени со работно искуство | новоработени без работно искуство | вработени кои се префрлени во други деловни субјекти | вработени кои се отпуштени или пензионирани | вработени кои дале отказ | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=(1+2+3+4)-(5+6+7) |
| 1 Вкупно | 47 | / | 6 | / | / | / | / | 54 |
| 2 Жени | 24 | / | 3 | / | / | / | / | 28 |

**2. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД РАБОТНИОТ ОДНОС**

| | Вработени на крајот на извештајниот месец | Вработени на неопределено време | | | Вработени на определено време | | Лица ангажирани преку агенциите за привремени вработувања[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | државни службеници[1] | друго | вкупно | сезонски | |
| | 1=2+5 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 3 Вкупно | 54 | 54 | / | 54 | / | / | / |
| 4 Жени | 28 | 28 | / | 28 | / | / | / |

*1) Според одредбите од Законот за државни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 59/2000).*
*2) Според одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања ("Службен весник на РМ" бр. 49/2006).*

**3. ВРАБОТЕНИ СПОРЕД РАБОТНОТО ВРЕМЕ**

| | Вкупно | | Полно работно време | | Скратено работно време | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | жени | вкупно | жени | вкупно | жени |
| | 1=3+5 | 2=4+6 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 5 | 54 | 28 | 54 | 28 | / | / |

## 4. БРУТО И НЕТО-ПЛАТА ВО ДЕНАРИ

На кој месец се однесуваат исплатите: 2015

Кога се извршени исплатите (ден, месец, година): 09062015

| | | Бруто-плата | Нето-плата | Број на исплатени вработени | Број на платени часови |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6 | Вкупно | 2889134 | 1936949 | 54 | 8799 |
| 7 | Жени | 1373593 | 921544 | 28 | 4404 |

## 5. ПЛАТЕНИ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

| | | Од вкупниот број платени часови (дадени во табела 4, колона 4) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | прекувремени платени часови | платени, а неодработени часови | | | |
| | | | за боледување до 30 дена | за годишен одмор | празници и неработни денови[3] | други платени, но неодработени часови[4] |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 8 | Вкупно | 34 | / | / | 158 | / |
| 9 | Жени | 12 | / | / | 80 | / |

*3) Според одредбите од Закон за изменување на Законот за празниците на РМ ("Службен весник на РМ" бр.21/1998 и бр 18/2007)*

*4) ВО ДРУГИ ПЛАТЕНИ, А НЕОДРАБОТЕНИ ЧАСОВИ СПАЃААТ: платено отсуство до седум дена (отсуство за венчавање на вработеното лице, венчавање на децата, раѓање на деца, смрт на сопружникот или детето, смрт на брат, сестра, на родителите, селење на семејството од едно во друго населено место, селење на семејството во истото населено место, елементарни непогоди, повик вежби или повик од друг државен орган), стручно или општо школување, оспособување или усовршување.*

Потребно време за пополнување на извештајот 30 мин.

### УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА КОЈА СЕ ПОПОЛНУВА ИЗВЕШТАЈОТ**- Во овој дел од извештајот се пополнуваат идентификационите податоци на деловниот субјект и единиците во состав (локалните единици). Податоците се прибираат по организациско-територијален принцип на ниво на општина.

Табела 1 - Вработени според кадровската евиденција - треба да биде пополнета со податоци кои се однесуваат на вкупниот број на вработени кои имаат заснован работен однос и за оние на кои во текот на извештајниот месец им престанал работниот однос.

Податоците во сите колони во табела 1 се пополнуваат според називот на секоја колона поединечно.

**Во 5, 6 и 7 од табела 1 не се прикажуваат вработените кои се на здравствено боледување подолго од 30 дена, породилно боледување, стручно усовршување и сл.**

Табела 2 - Вработени според работниот однос - треба да содржи податоци за вработените на неопределено и на определено време, како и податоци за лицата ангажирани преку агенциите за привремени вработувања во текот на извештајниот месец.

Податоците во сите колони во табела 2 се пополнуваат според називот на секоја колона поединечно.

Во колона 6 од табела 2 - сезонски вработени лица - се внесуваат податоци за лицата кои според договорот за работа се ангажираат за определен период (сезона) во текот на годината. Бројот на вработените сезонци во колона 6 не мора да се поистоветува со вкупниот број на вработени лица на определено време (колона 5).

Податоците за бројот на вработени во табела 2, колона 1 (вкупно и жени) треба да е еднаков со бројот на вработени од табела 1, колона 8 (вкупно и жени).

Табела 3 - Вработени според работното време - треба да содржи податоци за вработените кои работат со полно и со скратено работно време. Податокот за бројот на вработени во табела 3 (вкупно) треба да е еднаков со бројот на вработени од табела 1, колона 8 (ред 1) и бројот на вработени од табела 2, колона 1 (ред 3).

**Табела 4 - Бруто и нето - плата во денари - треба да содржи податоци за исплатените, а не пресметаните бруто и нето-плати.**

Вкупно исплатените бруто - плати (плата во вкупен износ) опфаќаат: исплатени нето - плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување и за професионално заболување.

**Бруто-платата (плата во вкупен износ), намалена за вкупниот износ на придонесите и за износот на персоналниот данок, претставува нето-плата.**

Вкупно исплатените нето - плати опфаќаат: а) исплатени нето - плати за извештајниот месец за работа во полно работно време, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа), надоместоци на нето - платата од средствата на деловниот субјект за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно образование, за боледување до 30 дена и сл., надоместоци за нето-платата за поранешни месеци целосно исплатени во текот на извештајниот месец (заостанати исплати), б) исплатени нето-плати по периодична пресметка и завршна сметка и по основ на распределба на добивка, без оглед на тоа на кој период се однесуваат.

Не се опфаќаат исплатите за лицата ангажирани преку агенциите за привремени вработувања и исплатите за вработените кои во извештајниот месец биле на боледување над 30 дена.

Табела 5 - Платените работни часови на вработените ги вклучуваат: платените прекувремени одработени и неодработени платени работни часови (часови кои се платени, а не се одработени, како што се часови на годишен одмор, принуден одмор, празници, боледување и други видови отсуства од работа за кои се прима надомест од средствата на деловниот субјект) на вработените со полно работно време и скратено работно време.

*Забелешка* Една од вработените во МАВЗИР во м. мај 2015г. се врати од породилно боледување.

Место Скопје дата ____________ 20__ година

Име и презиме на лицето одговорно за пополнување на извештајот: Ивана Николиќ

Раководител на деловниот субјект за кој се пополнува извештајот: ____________

М.П.

Тел: 3102-443